# Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

ИНФОРМАТОР

ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 1во издание | Март, 2020

Проектот е финансиран од Европската Унија
Под-грант: „Бизнис План 2019 – 2020 година“
број на под-грант: 0307-090 | грант бр: IPA/2017/392898

## ЗОШТО ЗАДРУГА?

Надминување на проблемите со кои се соочуваат македонските фармери е основен мотив тие да се здружуваат во задруги, односно потребата за:

» Поголем профит

» Поголема конкурентност

» Баланс помеѓу понудата и побарувачката на пазарот

» Координација

» Обезбедување на сигурни пазари и репроматеријали и

» Намалување на ризиците.

Во зависност од тоа кои се потребите и интересот на членовите во една задруга, тоа најчесто може да се направи преку:

» Заедничка набавка на репроматеријали

» Заеднички маркетинг и продажба на земјоделските производи

» Преработка на примарните производи.



## Бизнис План на МАЗЗ за период 2019-2020

Македонската асоцијација на земјоделски задруги – МАЗЗ е организација која ја консо-лидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за остварување на нивните индивидуални и меѓусебни права и интереси на модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот. Целта на организацијата е да ги заштити економските, социјалните и културните интереси на задругарите и да работи на подобрување на условите на пазарот на производство.

Во втората половина на 2019 година, МАЗЗ започна со имплементирање на проектот: “Бизнис План 2019-2020” кој беше развиен врз основа на повикот за поддршка на чадор организација во проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги” финансиран од Care International, МРФП и од Европската Унија.

Целта на Бизнис Планот на МАЗЗ е: Градење на капацитетите и финансиска поддршка на МАЗЗ со цел придржување кон принципите на демократско владеење и функционална независ-ност, како и зајакнување на нејзината улога за поддршка и развој на земјоделските задруги во земјата. Истовремено со проектот се очекува зајакнување на капацитетите на МАЗЗ до крајот на 2020 година и овозможување на поддршка на земјоделските задруги, за подобрување на застапувањето и лобирањето во интерес на задругите и промовирање на задругарството. Редефинирање на структурата и воведување на професионализирана Извршна канцеларија на МАЗЗ како и нивелирање на нормативните акти и организационата структура во управувањето на организацијата, за функционална чадор орга-низација со добро воспоставена структура на Извршната канцеларија беа првите спроведени активности од проектот.




# Редефинирање на структурата и воведување на професионализирана Извршна канцеларија на МАЗЗ

Раздвојувањето на управните од извршните функции и нивното преструктуирање во рамките на Управниот одбор кој ќе се ослободи од извршните надлежности и ќе се фокусира главно на управувачката функција, а извршувањето би се лоцирало во професионализирана Извршна канцеларија, беа едни од првите имплементирани активности во проектот. Опремувањето на целосно функционална канцеларија на МАЗЗ со цел подобрување на работните услови за непречено реализирање на активностите и отварање на најмалку 3 нови работни позиции потребни за реализација на "Бизнис план 2019-2020" беа приоритетите реализирани до крајот на 2019-та година.

Со воведување на Извршна канцеларија и позиција Генерален Секретар (еквивалент на Извршен директор) како и Проектен координатор и лице одговорно за финансии и администрација, МАЗЗ ќе даде поддршка и ќе го зајакне работењето на управните структури, нивната транспарентност и комуникацијата со членките. Ваквиот начин на поставеност значително ќе придонесе за зголемување на обемот на делување на организацијата и остварување на континуитет во активностите и услугите кои МАЗЗ постепено ќе ги развива и нуди.








## Потпишани договори за финансиска поддршка (ЕУ грантови) за земјоделски задруги

---

На 25.11.2019 г. во х. Холидеј Ин во Скопје, потпишани беа 17 договори за финансиска поддршка (ЕУ грантови) за 9 постоечки и 8 новоформирани земјоделски задруги. Финансиската поддршка од Европската Унија е за инвестиции во објекти и опрема за преработка, складирање и маркетинг на земјоделски производи со кои се подобруваат капацитетите на земјоделски задруги и конкурентноста на земјоделството.

„Вкупниот износ на поддршката од Европската Унија изнесува 891.357 евра, а со вклученото кофинансирање од страна на земјоделските задруги, вкупните инвестиции се скоро 1,3 милиони евра, што е само еден дел од поддршката на Европската Унија за земјоделството“ – изјави Никола Бертолини од Делегацијата на Европската Унија. Тој ги презентира и другите активности на Европската Унија во земјоделството.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски рече дека земјоделските задруги се важен дел од земјоделството, поради што Министерството го поддржува нивниот развој преку низа мерки, вклучително со нов Закон за задруги, кој е во постапка на донесување, софтвер за нивна евиденција и мерки за поддршка на земјоделските задруги.

„Земјоделците здружени се поконкурентни на пазарот, отколку ако настапат индивидуално. Преку земјоделските задруги, земјоделците можат поефикасно да го организираат производството, порационално да ги користат ресурсите, да бидат помоќни во деловните преговори и поконкурентни на пазарот. Земјоделството е еден од двигателите на македонската економија и затоа секоја наша мерка е насочена кон создавање на поволни услови за развој на овој сектор, меѓу кои се и мерките за поддршка на земјоделските задруги“ – истакна Министерот.

Според Менде Ивановски, претседател на “Македонската асоцијација на земјоделски задруги“ – избраната чадор организација во рамките на проектот, ова е конкретен поттик за заживување на задругарството, кој во иднина треба да биде надополнет и со друга институционална поддршка.

Претставниците на проектот наведоа дека на финансиската поддршка претходеше техничка поддршка за подготовка на деловни планови на земјоделските задруги, додека иницијативите за формирање нови земјоделски задруги добија правна помош околу нивното формирање и регистрација.

Средствата за реализација на оваа поддршка се обезбедени во рамки на проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“, финансиран од Европската Унија, а спроведуван од CARE Германија-Луксембург е.В. и „Македонската развојна фондација за претпријатија“.




## ЗАДРУЖНИ ПРИНЦИПИ

Задругите во светот се присутни повеќе од 180 години. Принципите врз основа на кои тие се граделе, функционирале и се развивале, во текот на годините се менувале. Денес општо прифатени се седум принципи:

1. Доброволно и отворено членство

Членувањето во задругите е на доброволна основа и во нив може да членуваат физички или правни лица, независно од половите, политичките, националните или верските разлики помеѓу нив.

2. Демократско управување

Со задругите управуваат членовите и секој од нив учествува во иницирањето, креирањето и донесувањето на одлуките.

3. Членарина и контрола на финансиските средства

Врз основа на утврдени правила, членовите плаќаат членарина, а во исто време тие имаат и контрола и одлучуваат за начинот на трошењето на финансиските средства со кои располага задругата.

4. Самостојност и независност

Задругите се во сопственост на членовите и тие самостојно и независно управуваат со нив.

5. Образование, обука, информирање

Во функција на индивидуалниот и заедничкиот развој, задругите воспоставуваат систем на континуирана и навремена размена на информации, образование и практична обука на членовите.

6. Соработка меѓу членовите

Задругите овозможуваат и поттикнуваат поблиска и поголема соработка помеѓу членовите во задругата, но и соработка со членови на други задруги.

7. Грижа за општеството

Преку задоволување на потребите на членовите, задругите придонесуваат и за развој на општествата во кои функционираат.

## Одржана седница на редовно Годишно Собрание на МАЗЗ

Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 29.01.2020 година во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, одржа седница на редовно Годишно Собрание. На самата седница се дискутираше за повеќе прашања а меѓудругото беа донесени и одлуки за усвојување на Годишна програма за работа за 2020 година, Платформа за консолидација во МАЗЗ како потреба за реформа и реорганизирање на организацијата со дефинирање на рамка за понатамошно дејствување и Одлука за формирање на тимови за спроведување на активности во МАЗЗ.

МАЗЗ како организација со единствена цел да ги заштитува правата и интересите на земјоделските задруги и да го промовира задружното движење во државата е демократска, отворена и транспарентна организација и во таа насока на седницата на Годишното Собрание и официјално го потврди приемот на 9 ново формирани земјоделски задруги како полноправни членки на МАЗЗ. Со тоа бројот на членови во МАЗЗ се искачи на 42.







# Одржана втора седница на редовно Годишно Собрание на МАЗЗ во 2020 год.

Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 18.02.2020 година во просториите на хотел Гардениа, Велес, ја одржа втората седница на редовното Годишно Собрание како дел од дводневната работилница организирана со цел дискутирање, подготовка и усвојување на стратешки документи на организацијата. Во таа насока на самата седница се дискутираше и се донесоа одлуки за усвојување на нов Статут на МАЗЗ, измена и дополнување на Правилникот за избор и отповикување на членови на Управен, Надзорен одбор и Претседател на МАЗЗ, а исто така се усвои и одлука за начинот и висината на плаќање членарина во МАЗЗ. Самата седница на Собрание се искористи за интегрирање на нова членка во МАЗЗ со што бројот на членови во организацијата се искачи до 43.

Ова Собрание беше најефикасно во однос на воведување на промени во организацијата и донесување на одлуки и широко ја оправда одлуката за организирање дводневна работилница затоа што, беа подготвени и усвоени важни стратешки документи на организацијата, а меѓу другото делегатите на Собранието ја утврдија и годишната членарина во МАЗЗ, во висина од 3500 Мкд, а исто така ја усвоија и Годишната програма за работа на МАЗЗ за 2020 година.

Првиот ден од работилницата беше организиран со претставници на Изборната комисија, Управниот и Надзорниот одбор во проширен состав на новите членови на МАЗЗ со цел запознавање со капацитетите на МАЗЗ и изнаоѓање начини за нивно учество во зајакнување на иститe.







# Бизнис План 2019-2020

ТИП НА ПРОЕКТ
Институционален грант

ЦЕЛНА ГРУПА
Земјоделските задруги во
Р. Северна Македонија

КОРИСНИЦИ
Членките на МАЗЗ

ПОЧЕТОК НА ПРОЕКТОТ
01-07-2019

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ
18 месеци

ИМПЛЕМЕНТАТОР НА
ПРОЕКТОТ
„Македонска асоцијација на
земјоделски задруги – МАЗЗ”

ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР
Весна Деловска

## Контакт


**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАЗЗ**
Менде Ивановски – Претседател на МАЗЗ
Тел: +389 70 342 293
Е-мејл: mendemazz@yahoo.com

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален Секретар
Тел: +389 70 290 841
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk


## Извршна канцеларија


**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-Мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**



**Овој билтен е подготвен со помош на Европската Унија. Содржината на овој билтен е единствена одговорност на МАЗЗ и во никој случај не може да се смета дека е одраз на ставовите на Европската Унија.**

Проектот се реализира во рамките на ЕУ Проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“, кој го спроведуваат CARE и МРФП